OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

Врз основа на член 38, став 1, точка 8 од Статутот на Охридска банка АД Скопје, Собранието на Охридска банка АД Скопје, на седницата одржана на ден 8.11.2019 година, ја донесе следната

**ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА**
**за разрешување членови на Надзорниот одбор**
**на Охридска банка АД Скопје**

1. Се разрешуваат следните членови на Надзорниот одбор на Охридска Банка АД Скопје:
   - Жан-Филип Гијом, претседател и член на Надзорниот одбор,
   - Ален Жерард Конус, член на Надзорниот одбор и
   - Марија Којчева-Русева, член на Надзорниот одбор.

2. Со разрешувањето на членовите од точка 1 на оваа Одлука престанува нивното членство во Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје.

3. На местото на членовите кои се разрешуваат, Собранието ќе именува нови членови на Надзорниот одбор на Банката.

4. Оваа Одлука влегува во сила по добивањето на согласноста од гувернерот на НБРСМ за новоименуваните членови, кои ќе стапат на местото на членовите што се разрешуваат.

**СО бр.**
**8.11.2019 година**
**Скопје**

**Собрание на**
**Охридска банка АД Скопје**
**Претседавач,**

_____________________________

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во согласност со Законот за банките („Сл. весник на РСМ“ бр. 67/2007, 90/2009, 67/2010, 26/2013,15/2015, 153/2015,190/2016, 7/2019 и 101/2019) и со Статутот на Банката, Надзорниот одбор е орган на управување на Банката.

Именувањето и разрешувањето на членовите на Надзорниот одбор го врши Собранието на Банката.

Во согласност со одредбите од членот 363 од Законот за Трговските друштва („Сл. весник на РСМ“ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 64/2018 , 120/2018, 150/2018 и 225/2019) и од членот 55 од Статутот на Банката, Собранието може да ги отповика сите членови на Надзорниот одбор, односно да отповика член на Надзорниот одбор и пред истекот на времето за коешто бил/е избран/и.

Ако Собранието донесе одлука за отповикување на сите членови на Надзорниот одбор, односно на негов член, на истата седница избира нови членови на Надзорниот одбор, односно нов член на местото на отповиканиот член.

Одлуката за разрешување на членовите на Надзорниот одбор се смета за донесена ако за неа се изјасниле мнозинството од акционерите претставени во Собранието кои поседуваат акции со право на глас.

Одлуката влегува во сила по добивањето на согласноста од гувернерот на НБРСМ за новоизбраните членови, кои стапуваат на местото на членовите што се разрешуваат. До добивањето на согласноста од гувернерот на НБРСМ за новоименуваните членови на Надзорниот одбор, кои ќе стапат на местото на членовите што се разрешуваат, функцијата на членови на Надзорниот одбор ќе ја извршуваат досегашните членови.